# TIPS: Вовед во аутизмот

Аутизмот, или нарушување од спектарот на аутизмот, се однесува на широк опсег на состојби кои се карактеризираат со предизвици во социјалните вештини, повторувачки однесувања, говор и невербална комуникација.

Благодарение на зголемување на свеста за ова прашање, сега е лесно да се дијагностицира уште од најрана возраст, за да може детето да се интегрира во образовенниот процес.

Оптимистичка порака на нашето време е дека аутизмот повеќе не се перципира како „проблем“, бидејќи единствениот проблем што е идентификуван е недостатокот на обука на родителите и наставниците за да му обезбедат на секое дете соодветно образование за подобрување на нивните социјални, лични и животни вештини.

Проектот TIPS има за цел да ја промовира употребата на интерактивни дигитални алатки, како што се игри и стрипови, како алатки за учење соодветни да ги подобрат овие способности, со цел децата да да се интегрираат во образовниот процес, главно преку обука на наставниците и родителите за овие алатки.

Во оваа фаза од имплементацијата на проектот, партнерите спроведоа теоретски и теренско истражување за да ги идентификуваат недостатоците во процесот на учење, како и довербата или недостатокот од нив, на родителите и наставниците, и перцепцијата дека дигиталните алатки можат да ги стимулираат социјалните вештини на децата со аутизам.

По завршувањето на истражувањето и изготвувањето на националните извештаи од секој партнер-учесник, ќе се започне развојот на дигиталната игра и стриповите, кои имаат за цел, со нивната употреба, да докажат дека дигитализацијата може да помогне и за подобрување на социјалните вештини на децата со аутизам и ја промени традиционалната перцепција дека само човечката интеракција може да ја исполни таа цел.

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив.